КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр.-Nr. 11-138/1

30-01-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

AD

# Меморандум за соработка

Склучен во Скопје, на 30/01/2024 година, помеѓу:

Граѓанското здружение **Асоцијација за демократска иницијатива**, со адреса булевар Браќа Ѓиноски бр.61, 1230 Гостивар, застапувано од извршниот директор Лулзим Хазири

и

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, со адреса Ул. Даме Груев бр. 1, претставувана од Игор Јадровски, претседател

во натамошниот текст „Договорни страни".

**Член 1**

Со овој Меморандум за соработка (во натамошниот текст – Меморандум) се утврдуваат облиците и начинот на соработка помеѓу АДИ од една страна и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) од друга страна, за спроведување на мерки и активности за превенција на дискриминацијата.

**Член 2**

Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ), спроведува специфични активности во соработка со локални здруженија на граѓани насочени кон подигање на свеста на граѓаните за пријавување на дискриминација и промоција на мандатот и улогата на КСЗД.

**Цели на меморандумот**

**Член 3**

Општата цел на Меморандумот е преку взаемна соработка, разбирање и помош помеѓу Договорните страни, да се овозможи навремена и ефикасна размена на информации за превенција и спречување на дискриминација. Дополнително, преку Меморандумот ќе се прошири и соработка меѓу Договорните страни при аплицирање на проекти.

**Член 4**

Посебна цел на Меморандумот е да се развие тесна соработка помеѓу Договорните страни за идентификување, поддршка, информирање и едукација на граѓаните на локално ниво, за начинот, постапката и можностите да пријават дискриминација.

**Облици и начини на соработка**

**Член 5**

Соработката помеѓу Договорните страни се реализира со претходно меѓусебно информирање и договарање.

Соработката помеѓу Договорните страни ќе се однесува на специфични активности во рамки на проект аплициран во Делегацијата не ЕУ во Северна Македонија: Тематска Програма за Човекови права и демократија 2021-2022 :

- Развој на методологија за прибирање податоци за мерење на дискриминацијата со листа на индикатори;
- Градење на капацитети за прибирање податоци за мерење на дискриминацијата во државните институции;
- Истражување/прибирање податоци за мерење на дискриминацијата врз основа припадност кон маргинализирана група.

Соработката помеѓу Договорните страни согласно потребите и ресурсите на Договорните страни:

- константен проток на информации од областа на превенција и спречување на дискриминација;
- учество во заеднички иницијативи од областа на превенција и спречување на дискриминација;
- експертиза за подготовка на стручни документи, анализи и мислења од областа на спречување и справување со дискриминацијата.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Важност на меморандумот**

**Член 6**

Меморандумот е со важност од две години сметано од времето на потпишувањето на истиот.

**Член 7**

Меморандумот може да биде отповикан, во овој случај договорната страна која го отповикува меморандумот е должна за тоа писмено да ја извести другата договорна страна со наведување на причините за отповикувањето.

Меморандумот ќе се смета за отповикан по истекот на 30 дена од денот кога е добиено писменото известување за отповикување.

**Член 8**

Овој меморандум е составен во 2 еднакви примероци, по еден за секоја договорна страна.

**Член 9**

Меморандумот влегува во сила на денот на неговото потпишување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Игор Јадровски
Претседател

Асоцијација за демократска инцијатива

Лулзим Хазири
Извршен директор